Општинската установа Дом на културата "Илинден" од Демир Хисар е дефинирана како установа која се грижи за програмско и функционално поттикнување и развој на културата во Општина Демир Хисар согласно законот.

Институцијата во минатата календарска година организираше повеќе културни настани преку кои се презентираа и промовираа највисоките вредности на културното и уметничко наследство и творештво со кои се допринесе за подобрување на културните перформанси и збогатување на културните содржини на општината.

Поаѓајќи од својата функција утврдена со Закон и Статут во рамките на својата основна дејност ОУ Дом на културата "Илинден" Демир Хисар ги врши следните дејности: Музичка дејност, Библиотечна дејност, Сценско уметничка дејност и Литературна дејност и организираните настани беа во рамките на овие дејности.

Културните настани кои беа организирани опфатија поголема група на љубители на различни културни стилови и генерации. Програмата која се реализира опфати разновидни културни настани и активности: театарски претстави, изложби, музички концерти, литературни манифестации, кино проекции, мултимедијални манифестации и др. Покрај вработените во институцијата за реализација на дел од активностите, проектите и настаните беа ангажирани и надворешни соработници со што се доби на квалитет во реализација на истите.

Реализацијата на културните настани значително го подигнаа нивото на културниот живот, а воедно, во некој процент придонесоа и за збогатување на туристичката понуда на општината.

Реализацијата на активностите се изврши во соработка со Локалната самоуправа и Министерството за култура на Р.С. Македонија преку проекти и други форми на поддршка.

Исто така, минатата година беа реализирани низа на проекти за санација, унапредување и осовременување на самиот објект на Домот на културата, кои ќе допринесат за непречено реализирање на сите активности во иднина.

**Статистички преглед на активности и настани во Домот на културата за 2023 год.**

Во текот на минатата календарска година беа реализирани:

- Од областа на сценската дејност: 11 театарски претстави;
- Од областа на галериско – изложбената дејност: 6 изложби;
- Од областа на киноприкажувачката дејност: 9 кино проекции;
- Од областа на музичката дејност: 5 музички концерти и настани;
- Од областа на литературната и издавачката дејност: 6 организирани поетски манифестации, 4 промоции на книги, 5 учества на поетски манифестации низ државата, 5 издадени книги и 1 организиран саем на книгата;
- Од областа на библиотечната дејност: набавени се 80 нови наслови на литературни дела; во библиотеката се пристигнати 3 донации на книги, организиран е општински натпревар “Млади библиотекари”, учество на републички натпревар “Млади библиотекари”, учество на собрание и семинар од областа на Библиотекарството, организирани се посети на ученици на библиотеката, доделени се ваучери на сите првооделенци во општинските училишта за бесплатно членство во библиотеката, доделени се признанија и награди на најдобрите читатели во библиотеката за 2023 година;
- Од областа на фолклорот: реализирани се 15 настани од областа на фолклорот, учество на меѓународен петдневен етно – фолк камп и организирана е една меѓународна турнеја во Р. Хрватска;
- Други настани и манифестации во Домот на културата: Фестивал на децентрализирана култура “Блендер”, Мултимедијална манифестација “Предизвикување на невозможното”, предавања од областа на археологијата, историјата, историјата на уметност, архитектурата и теологијата во рамките на Демирхисарската летна школа 2023, ПХВ Шоу – хуманитарна манифестација, Велигденски базар, 1 крводарителска акција, Приредба по повод патронот празник на ООУ “Гоце Делчев” и “Збогум градинке” - годишна приредба на Детската градинка;
- Други активности: Во работна посета на Домот на културата беше Министерката за култура на Р.С Македонија Г-ѓа Бисера Костадиновска Стојчевска, продолжена е соработката со Државен архив на Р.С. Македонија, Астерфест – Струмица, Торос филм студио – Скопје, филмските продукции Катавеј, Узенгија и Константин филм од Скопје, Балада арт продукција од Прилеп, ЕЦ Едусфера од Битола и други, воспоставена е соработка со Завод за заштита на спомениците од културата и Музеј Прилеп, Театар Штип, Детски музички фестивал Тра ла ла од Битола, Шри Чинмој центар од Скопје и други;
- Инфраструктурни зафати: реновирана е просторијата на поранешното Радио Демир Хисар кое ќе прерасне во Спомен соба на Радиото, спуштен е плафонот во благајничката канцеларија, премачкани се канделабрите и јарболите во дворот на Домот на културата, цементирани се постаменти за клупите во дворот

на Домот на културата, цементирани се постаменти за јарболите во дворот на Домот на културата.

- Управен одбор: одржани се 2 седници на Управниот одбор на Домот на културата;
- Проекти: реализирани се 6 проекти од Годишната програма на Министерството за култура на Р.С. Македонија за 2023 година, аплициравме со 10 проекти на конкурсот за Годишната програма на Министерството за култура на Р.С. Македонија за 2024 година и издадовме 12 согласности за соработка во други проекти и користење на просториите на Домот на културата во рамките на истоимениот конкурс.

**Табеларен преглед на активностите и настаните по дејности**

| **Сценска дејност** |
|---|
| 1.Предпремиера на театарска претстава "Одам на лов" во изведба на Драмското студио при Дом на културата "Илинден" Демир Хисар |
| 2.Премиера на театарска претстава "Одам на лов" во изведба на Драмското студио при Дом на културата "Илинден" Демир Хисар |
| 3.Реприза на театарска претстава "Одам на лов" во изведба на Драмското студио при Дом на културата "Илинден" Демир Хисар |
| 4.Изведба на театарска претстава "Одам на лов" во изведба на Драмското студио при Дом на културата "Илинден" Демир Хисар за пациентите од ЈЗУ "Психијатриска болница" Демир Хисар |
| 5.Гостување со театарска претстава "Одам на лов" во изведба на Драмското студио при Дом на културата "Илинден" Демир Хисар во Дом на културата "Наум Наумовски - Борче" во Крушево |
| 6.Гостување со театарска претстава "Одам на лов" во изведба на Драмското студио при Дом на културата "Илинден" Демир Хисар во Центар за култура "Кочо Рацин" во Кичево |
| 7.Гостување со театарска претстава "Одам на лов" во изведба на Драмското студио при Дом на културата "Илинден" Демир Хисар во Дом на културата "Иван Мазов Климе" во Кавадарци |
| 8.Театарска претстава "Замрзната бајка" во изведба на актерите од ЕЦ Едусфера, Битола |
| 9.Театарска претстава "Тајната книга на дедо" во изведба на Театар "Златен елец" од Скопје |
| 10.Театарска претстава – мјузикл "Трите прасиња" во изведба на актерската група при |

| |
|---|
| Балада арт продукција од Прилеп<br><br>11.Театарска претстава “ЈЗУ Европа” во изведба на Театар Штип |
| **Изложбено – галериска дејност** |
| 1.Изложба “Македонија памети. Никогаш да не се заборави” во соработка со Државниот архив на Р.С. Македонија<br><br>2.Изложба “120 години од Илинденското востание – архивска меморија” во соработка со Државниот архив на Р.С. Македонија<br><br>3.Изложба на цртежи “120 години од Смилевскиот конгрес”<br><br>4.Изложба “Цијанотипи” во соработка со НВО “Небо”<br><br>5.Изложба “Ченто – биографија низ фотографија” во соработка со Завод за заштита на спомениците и музеј Прилеп<br><br>6.Изложба на ликовни дела од академик Владимир Георгиевски |
| **Кино - прикажувачка дејност** |
| 1.Кино проекција на филмот “Најсреќниот човек на светот”<br><br>2.Кино проекција на филмот “Некрстени денови”<br><br>3.Кино проекција на филмот “Нешто слатко”<br><br>4.Кино проекција на филмот “Те дуа жими мене”<br><br>5.Кино проекција на филмот “Што е тоа жена”<br><br>6.Кино проекција на детскиот анимиран филм “Пролетна магија”<br><br>7.Кино проекција на детскиот анимиран филм “Звуците на новата година”<br><br>8.Кино проекција на наградените филмови од годинешното издание на Астерфест<br><br>9.Кино проекција на отворено на македонскиот филм “Трето полувреме” |
| **Музичка дејност** |
| 1.Музичка манифестација “VIII Рок Хепенинг Демир Хисар 2023” на која настапија бендовите: Live Wire (Скопје), Crossroads blues band (Прилеп), Sound waves (Битола), SINHRO – EKV tribute band (Прилеп) и Revelation (Демир Хисар)<br><br>2.Работилница и настап на Битолски удирачки оркестар<br><br>3.Фестивал на детски песни “ТРА ЛА ЛА” од Битола |

| |
|---|
| 4.Концерт на Дуо Скупи од Скопје<br><br>5.Концерт на класична музика во изведба на Јана Блажевска (сопран), Емилија Ристевска (сопран) и Јована Димоска (виолина) под менторство на Проф. Александра Ристовска |
| **Литературно – издавачка дејност** |
| 1.Поетска манифестација "Манастирско поетско ехо"<br><br>2.Поетска манифестација "Виното преточено во љубов низ стиховите на поетите"<br><br>3.Поетска манифестација по повод Светскиот ден на книгата и авторското право<br><br>4.Поетска манифестација по повод Месецот на книгата<br><br>5.Поетска манифестација по повод 2 април – Светскиот ден на литературата за деца<br><br>6.Поетска манифестација "30 години Л.К. Изгрев Демир Хисар"<br><br>7.Промоција на книгата "Искрени чувства" од Оливера Трајковска Златановска<br><br>8.Промоција на книгата "30 години КУД Илинден Демир Хисар" од Златко Бошевски<br><br>9.Промоција на литературното творештво за деца од писателот Љубе Митрејчевски<br><br>10.Промоција на книгата "Дијабетесот, депресивноста и важноста на психолошката поддршка" од Биљана Солунчевска<br><br>11.Саем на книга во соработка со Издавачката куќа Македоника литера од Скопје<br><br>12.Учество на поетите од ЛК Изгрев на манифестациите:"Поетско маркукуле" во Прилеп, "Нашата волшебна книга" во Бучин, "Охридски поетски бисер" во Охрид, "Завештание" во Слоештица, "Четрсе" во Штип<br><br>13.Издадени се книгите: Зборник "Манастирско поетско ехо 2022", збирката "Искрени чувства" од Оливера Трајковска Златановска, научниот труд "Дијабетесот, депресивноста и важноста на психолошката поддршка" од Биљана Солунчевска, монографијата "30 години КУД Илинден Демир Хисар" од Златко Бошевски и книгата "Желба скриена во ѕвезда" од Наталија Кочовска |
| **Библиотечна дејност** |
| 1.Набавени се 80 нови наслови на книги со проект од Министерството за култура<br><br>2.Донација од 12 пакети со книги од НУБ "Св. Климент Охридски" од Скопје, Донација на книги од писателот Раде Силјан за сите ученици во општинските училишта, Донација на едиција на книги од Шри Чинмој центар од Скопје<br><br>3.Организирани посети на Библиотеката на сите ученици од општинските училишта во |

| |
|---|
| рамките на одбележувањето на Месецот на книгата<br><br>4.Организиран е општинскиот натпревар “Млади библиотекари” во Демир Хисар, Учество на републичкиот натпревар “Млади библиотекари” во Кочани, Учество на Годишното собрание на библиотекари на Р.С. Македонија во Скопје, Учество на Семинар за дигитализација на библиотеките во Р.С. Македонија во Кавадарци<br><br>5.Доделени се ваучери за бесплатно членство во Библиотеката за 2024 година на сите првооделенци во општинските училишта<br><br>7.Доделени се награди и признанија на најдобрите читатели во 2023 година |
| **Фолклор** |
| 1.Учество на КУД “Илинден” на детскиот фолклорен фестивал “Весел петок” во Битола<br><br>2.Организација и учество на КУД “Илинден” на националниот фолклорен фестивал “Велигденски фолклорни средби” во Демир Хисар<br><br>3.Учество на дел од оркестарот при КУД “Илинден” на Фестивал на народни интрументи и песни “Пеце Атанасовски” во Долнени<br><br>4.Учество на КУД “Илинден” на Балканскиот фолклорен фестивал во Охрид<br><br>5.Учество на КУД “Илинден” (втора група) на затворањето на Демирхисарската летна школа 2023 во Света<br><br>6.Учество на КУД “Илинден” на Манифестацијата “Предилиндеска комитска квечерина” во Смилево<br><br>7.Учество на “КУД Илинден” на Манифестацијата “Предилинденска комитска квечерина” во Журче<br><br>8.Учество на КУД “Илинден” на вторaта по ред “Македонско - Хрватска фолклорна вечер” во Демир Хисар<br><br>9.Учество на КУД “Илинден” на Саемот за земјоделски производи во Вирово<br><br>10.Учество на КУД “Илинден” на Регионални фолклорни средби на СОФАМ во Струга<br><br>11.Учество на КУД “Илинден” (втора група) на петдненевен меѓународен етно – фолк камп “Ѓердан од Бисери” во Охрид<br><br>12.Меѓународна турнеја на КУД “Илинден” во Далмација, Р. Хрватска<br><br>13.Реализирани се два Годишни концерти на КУД “Илинден” Демир Хисар<br><br>14.Учество на КУД “Илинден” на манифестација по повод осветувањето на манастирот |

| |
|---|
| "Свето Преопражение" во Крушево<br><br>15.Учество на КУД "Илинден" Демир Хисар на "Добротворниот концерт Св. Атанасиј Сопотница" кој се одржа во Дом на културата "Илинден" Демир Хисар<br><br>16.Гостување на Детската патувачка фолк библиотека "Фолконика" во Демир Хисар и одржана е работилница со познатиот македонски естраден фолк уметник Дуле Ѓорѓиевски<br><br>17.Одржан е целовечерен концерт на НУ "Танец" од Скопје |
| **Други настани и манифестации во Домот на културата** |
| 1.Мултимедијална манифестација "Предизвикување на невозможното" во соработка со Шри Чинмој центар од Скопје<br><br>2.Одржани се научни предавања од областа на археологијата, историјата, историјата на уметност, архитектурата и теологијата во рамките на Демирхисарската летна школа 2023<br><br>3.Одржан е Велигденски хуманитарен базар<br><br>4.Одржана е хуманитарна манифестација "ПХВ Шоу"<br><br>5.Одржана е една крводарителска акција<br><br>6.Одржана е годишната приредба на Детската градинка од Демир Хисар<br><br>7.Одржана е годишната приредба на ООУ "Гоце Делчев" од Демир Хисар<br><br>8.Одржан е Фестивалот на децентрализирана култура "Блендер 2023" |
| **Други активности** |
| 1.Во работна посета на Домот на културата беше Министерката за култура на Р.С Македонија Г-ѓа Бисера Костадиновска Стојчевска<br><br>2.Продолжена е соработката со Државен архив на Р.С. Македонија, Астерфест – Струмица, Торос филм студио – Скопје, филмските продукции Катавеј, Узенгија и Константин филм од Скопје, Балада арт продукција од Прилеп, ЕЦ Едусфера од Битола и други<br><br>3.Воспоставена е соработка со "Завод за заштита на спомениците од културата и Музеј" Прилеп, Театар Штип, Детски музички фестивал "Тра ла ла" од Битола, "Шри Чинмој центар" од Скопје и други |

| Инфраструктурни зафати |
|---|
| 1.Реновирана е просторијата на поранешното Радио Демир Хисар кое ќе прерасне во “Спомен соба / Музеј на Радиото”<br><br>2.Извршена е градежна корекција (спуштање на плафон и поставување на топлотна изолација) во благајничката канцеларија<br><br>3.Премачкани со боја се канделабрите и јарболите во дворот на Домот на културата<br><br>4.Цементирани се постаменти за клупите во дворот на Домот на културата<br><br>5.Цементирани се постаменти за јарболите во дворот на Домот на културата |
| **Управен одбор** |
| 1.Одржани се 2 седници на Управниот одбор на Домот на културата во текот на 2023 година (Донесување на завршна сметка за 2022 година и Донесување на план за вработување за 2023 година) |
| **Проекти со Министерството за култура на Р.С. Македонија** |
| 1.Реализирани се 6-те проекти од Годишната програма на Министерството за култура на Р.С. Македонија за 2023 година:<br><br>• Велигденски фолклорни средби Демир Хисар 2023<br>• Подготовка и изведба на драмската претстава “Одам на лов” од Жорж Фејдо во режија на Благој Николов<br>• VIII Рок Хепенинг Демир Хисар 2023<br>• 30 години КУД “Илинден” Демир Хисар<br>• Спомен соба на Радио Демир Хисар<br>• Набавка на нови книги за зголемување на членството во Библиотеката<br><br>2.Аплициравме со 10 проекти на конкурсот за Годишната програма на Министерството за култура на Р.С. Македонија за 2024 година:<br><br>• Национален фестивал “Велигденски фолклорни средби Демир Хисар 2024”<br>• “Ора и песни од етнички предел Пијанец”<br>• Гостување на КУД “Илинден” Демир Хисар на Деновите на Македонската култура во Далмација, Р.Хрватска<br>• “Фолклорен извор – Годишен концерт на КУД Илинден Демир Хисар”<br>• Музичка манифестација “IX Рок Хепенинг Демир Хисар 2024”<br>• Поетска манифестација “Манастирско поетско ехо”<br>• Набавка и монтажа на полици во НБ“Петре М. Андреевски” Демир Хисар<br>• Набавка на нови книги за НБ“Петре М. Андреевски” Демир Хисар<br>• Подготовка и изведба на театарска претстава “Жена ми се вика Борис” од Рафи Шарт во режија на Благој Николов |

- Спомен соба на Радио Демир Хисар (втора фаза)

4.Издадени се 12 согласности за соработка во други проекти и користење на просториите на Домот на културата за конкурсот за Годишната програма на Министерството за култура на Р.С. Македонија за 2024 година:

- Џез концерт – концертна промоција на албумот "Степс" на Сашо Поповски трио
- "Џез – Рок караван Македонија 2024"
- "KIDSQUARE – Детско катче" – работилница и проекција на детски филмови
- КАР синема – кино на отворено
- Работилница за документарен филм
- Фестивал на децентрализирана култура "Блендер 2024"
- Тематски предавања во рамките на VII Демирхисарска летна школа 2024
- Манифестација "80 години од ослободувањето на Демир Хисар"
- "Славни музички коцк(оглав)и – турнеја низ Македонија"
- Издавање на збирката поезија "Демирхисарски гордости" од Менде Солунчевски
- Мултимедијална манифестација "Светот на последните селани"
- Музичка манифестација "Песната што патува низ времето" со Зарина Првасевда

**Преглед на активности и настани во Домот на културата за 2023 год. по месеци**

## ЈАНУАРИ

- 03.01. – Редовни активности во Домот на културата
- 04 и 05.01. – Редовни активности (издавање и прием на книги, средување на документација), изготвување на годишните извештаи за минатата 2022 година и планот за работа за тековната 2023 година
- 09.01. – Изготвена и испратена е апликација со Општина Демир Хисар до Собранието на Р.С.Македонија за поддршка во организацијата на манифестација по повод јубилејот 120 години од Смилевскиот конгрес
- 10,11,12 и 13.01. – Редовни активности (издавање и прием на книги, средување на документација), изготвување на годишните извештаи за минатата 2022 година и планот за работа за тековната 2023 година
- 16.01. – Организирана е прослава со КУД "Илинден" по повод Василица – Стара нова година
- 17 и 18.01. – Редовни активности (издавање и прием на книги, средување на документација), изготвување на годишните извештаи за минатата 2022 година и планот за работа за тековната 2023 година
- 20.01. – Посета на Манастирот Св. Јован Претеча во с.Слепче по повод празникот Св. Јован Крстител, Печатење на драмскиот текст за театарската претстава "Одам на лов", одржана е средба со актерскиот тим на која истиот им е поделен и договорен е почетокот на пробите на Драмското студио
- 21.01. – Одржана е седница на Здружението на пчелари на Демир Хисар "Медлика мед"
- 23.01. – Креиран е профил на Домот на културата "Илинден" Демир Хисар на платформата "Youtube" на кој е прикачен Годишниот концерт на КУД "Илинден" Демир Хисар и на кој ќе се прикачуваат наредните активности во домот на културата
- 24,25 и 26.01. – Редовни активности (издавање и прием на книги, средување на документација), изготвување на годишните извештаи за минатата 2022 година и планот за работа за тековната 2023 година
- 27.01. – Извршен е инспекциски комунален надзор страна на комунален инспектор на Општина Демир Хисар
- 30.01. – Одржана е првата читачка проба на Драмското студио
- 31.01. – Редовни активности (издавање и прием на книги, средување на документација), изготвување на годишните извештаи за минатата 2022 година и планот за работа за тековната 2023 година, Проба на Драмското студио

## ФЕВРУАРИ

- 01.02. – Редовни активности во Домот на културата (издавање и прием на книги, средување на документација, почистување и средување на просториите и сл.),

Договорена е прва работна средба со директорите на Домовите на култура од Крушево, Ресен, Кавадарци, Валандово, Гевгелија, Демир Капија и Македонски брод во Демир Хисар

- 02 и 03.02. – Редовни активности во Домот на културата, Проба на Драмското студио
- 06 и 07.02. – Редовни активности во Домот на културата, Проба на Драмското студио
- 08.02. – Одржана е работна средба во Домот на културата "Илинден" со директорите на Домовите на култура од Крушево, Ресен, Кавадарци, Валандово, Гевгелија, Демир Капија и Македонски брод
- 09.02. – Подготовки за престојната манифестација "Виното преточено во љубов, низ стиховите на поетите" по повод 14 февруари – Празникот на љубовта и виното со поетско читање со учество на поетите од Л.К. Изгрев и ученици од општинските училишта, Проба на Драмското студио
- 10.02. – Излегоа резултатите од Годишниот конкурс на Министерството за култура на Р.С.Македонија за 2023 година. Добивме вкупно 6 проекти: Набавка на нови книги за НБ "Петре М. Андреевски", Поставување и изведба на драмската претстава "Одам на лов" од Жорж Фејдо во режија на Благој Николов, VIII Рок хепенинг Демир Хисар 2023, Велигденски фолклорни средби, 30 години КУД "Илинден" Демир Хисар, Спомен соба на Радио Демир Хисар
- 13.02. – Испратени се барања за ЦИП за издавање на книгите на Биљана Солунчевска и Наталија Кочовска, Подготовка на Фоајето за престојната манифестација "Виното преточено во љубов, низ стиховите на поетите"
- 14.02. – Со почеток во 12 часот е одржана манифестацијата "Виното преточено во љубов, низ стиховите на поетите" на која учество зедоа поетите од Л.К. Изгрев и ученици од општинските училишта
- 15,16 и 17.02. – Редовни активности во Домот на културата, Проба на Драмското студио, подготовки за завршните сметки и сл.
- 20,21,22 и 23.02. - Редовни активности во Домот на културата, Проба на Драмското студио, подготовки за завршните сметки и сл.
- 24.02. – 30 членови на КУД "Илинден" присуствуваа бесплатно на концерт во Центарот за култура во Битола. Концертот беше посветен на Тоше Проески и во изведба на Камерниот оркестар од Битола. Влезниците за концертот ги обезбедивме во соработка со компанијата ИВ Конект од Битола.
- 27.02. – Одржана е седница на Управниот одбор

## МАРТ

- 01.03. – Состанок и прва проба на КУД "Илинден" Демир Хисар
- 02.03. – Работна посета на Државен архив во Битола – консултации и насоки за средување на архивската документација во Домот на културата
- 03.03. – Поставување на сценографија за драмската претстава "Одам на лов"
- 04.03. – Проба на КУД "Илинден"

- 06.03. – Работна посета на стручен соработник на Државен архив од Битола во Домот на културата и давање на стручна помош за средување на архивскиот материјал за престојната контрола закажана за на 17.03, Проба на Драмското студио
- 07 и 08.03. – Средување на архивската документација, Проба на Драмското студио, издавање и прием на книги и сл.
- 09.03. – Присуство на одбележувањето на 80 годишнината од депортацијата на македонските евреи во Битола на покана од Министерството за култура на Р.С.Македонија
- 10.03. – Потпишани се првите договори со Министерството за култура за добиените проекти за 2023 година, одржана е првична средба со претседателот на МЗ Мренога Драге Пајковски и наставникот по македонски јазик Влатко Стојковски за престојните активности околу реализацијата на манифестацијата Гороцвет во Мренога
- 12.03. – Проба на КУД "Илинден"
- 13,14,15 и 16.03. – Редовни активности, средување на архивската документација, Проба на Драмското студио и сл.
- 17.03. – Извршен е Инспекциски надзор од Државен архив од Битола во однос на архивската документација, дадени се следните насоки за дозавршување на процесот на попис и опис на истиот, Присуство и давање на свој допринос со озвучување и народни носии на одбележувањето на Патрониот празник на ООУ "Браќа Миладиновци" во с.Жван
- 18.03. – Одржана е музичка манифестација – Работилница и настап на Битолскиот удирачки оркестар
- 19.03. – Проба на КУД "Илинден"
- 20.03. – Распишан е Конкурсот по повод одбележувањето на Светскиот ден на книгата, Проба на Драмското студио
- 21.03. – Договорен е Саемот на книга во соработка со издавачката куќа Македоника литера, Проба на Драмското студио
- 22 и 23.03. – Редовни активности, дизајн на постер и креирање на постови на социјалните мрежи за престојниот настан
- 24.03. – На платото пред Домот на културата "Илинден" е одржан Саем на книга во соработка со издавачката куќа Македоника литера од Скопје
- 27,28,29 и 30.03. – Во фоајето на Домот на културата е организиран базар на облека од текстилната компанија "Самоил" од Охрид, извршени се подготовки за престојните настани во април, дизајнирани се постери, извршени се набавки на реквизите за потребите на драмската претстава, доуредена е сцената и самата сценографија, редовни проби на Драмското студио, редовни активности во Домот на културата
- 31.03. – Проба на КУД "Илинден"

## АПРИЛ

- 03.04. – Одбележан е Светскиот ден на литературата за деца (2-ри април) со пригодна манифестација на која беше поставена изложба на детска литература, со презентација беше претставен ликот и делото на Ханс Кристијан Андерсен, беше проектиран анимираниот филм “Грдото пајче”, се рецитираа детски песнички. Гости на настанот беа учениците од прво одделение од ООУ “Гоце Делчев” Демир Хисар и големата група од Детската градинка
- 04.04. – Од Народниот театар во Битола земени на реверс се потребните костими за драмската претстава “Одам на лов”, на социјалните мрежи е објавено одржувањето на претставата, влезниците за истата се подготвени и пуштени во продажба, Проба на Драсмкото студио
- 05.04. – Договорено е поставување на изложба во соработка со Завод за заштита на спомениците и Музеј Прилеп за 10.04, Проба на Драмското студио
- 06.04. – Одржана е Генерална проба на претставата “Одам на лов” и истата е снимена и фотографирана од страна на професионален фотограф
- 07.04. – Одржана е Предпремиера на претставата “Одам на лов” за учениците од 8 и 9 одделение од општинските основни училишта и учениците од средното училиште, Влезниците за премиерата се распродадени, закажана е уште една претстава за на 14 април
- 08.04. – Премиера на драмската претстава “Одам на лов” во изведба на Драмското студио при Дом на културата “Илинден” Демир Хисар
- 09.04. – Проба на КУД “Илинден”
- 10.04. – Отворена е изложбата посветена на првиот претседател на Македонија Методија Андонов Ченто “Ченто – биографија низ фотографија” во соработка на Завод за заштита на спомениците и Музеј Прилеп. На отворањето на изложбата присуствуваа Градоначалникот на Општина Демир Хисар Никола Најдовски, директорот на Завод и Музеј Прилеп Горанчо Цветкоски, авторот на изложбата Рубинчо Белчески, ученици од општинските училишта, граѓани
- 11.04. – Најава, печатење на рекламен материјал и подготовки за манифестациите и настаните кои следуваат: Драмската престава “Одам на лов”, “Велигденскиот базар”, “ПХВ Шоу”, Фестивалот “Велигденски фолклорни средби”
- 12.04. – Пристигнаа 12 пакети со книги – Донација од НУБ “Св. Климент Охридски” Скопје, направени се последните договори со учесниците, дефинирана е програмата и набавени се прехрамбените продукти за фестивалот “Велигденски фолклорни средби”
- 13.04. – Одржани се хуманитарните манифестации “Велигденски базар” и “ПХВ Шоу” во соработка со ОО Црвен крст Демир Хисар
- 14.04. – Одржана е уште една редовна престава на драмата “Одам на лов”
- 15.04. – Поставување на сценографија и озвучување во Спортската сала “Јордан Пиперката” за фестивалот Велигденски фолклорни средби, одржана е генерална проба на КУД “Илинден” за престојниот фестивал, заврши Конкурсот по повод месецот на книгата

- 17.04. – Одржан е националниот фестивал “Велигденски фолклорни средби” во Демир Хисар на втор ден Велигден на кој учество зедоа: КУД “Илинден” Демир Хисар, КУД “Илинден” Битола, КУД “Бисер” Кичево, КУД “Ѓердан од бисери” Охрид. Овогодинешното издание на фестивалот беше поддржано и од Министерството за култура на Р.С. Македонија
- 18.04. – Договорено е гостување на НУ “Танец” во Демир Хисар
- 19.04. – Распишан е Ликовен конкурс на тема “120 години од Смилевскиот конгрес”
- 20.04. – Генерална проба на третата група при КУД “Илинден” Демир Хисар по повод нивното учество на детскиот фолклорен фестивал “Весел петок” во Битола
- 21.04. – Учество на трета група од КУД “Илинден” на детскиот фолклорен фестивал “Весел петок” во Битола
- 24.04. – Одржан е општинскиот натпревар “Млади библиотекари” во Домот на културата. Победник е ученикот Благојче Грујоски од ООУ “Даме Груев” Смилево, во посета на Домот на културата беа учениците од ООУ “Гоце Делчев” (новинарска и секција по англиски јазик) кои со поетски читања на познати творби од светските писатели го одбележаа Светскиот ден на книгата и авторското право
- 25.04. – Одржана е Манифестација по повод Светскиот ден на книгата и авторското право на која беше претставено литературното творештво за деца од писателот Љубе Митрајчевски
- 26.04. – Одржана е претставата “Одам на лов” пред пациентите на Психијатриската болница од Демир Хисар
- 27 и 28.04. – Проби на учениците од ООУ “Гоце Делчев” за престојната приредба по повод патрониот празник, прибирање на цртежите од ликовниот конкурс, редовни активности во Домот на културата
- 29.04. – Проба на КУД “Илинден”

## МАЈ

- 02.05. – Подготовки за престојните настани
- 03.05. – Отворена е изложбата “120 години од Смилевскиот конгрес” во Домот на културата и поделени се наградите на учениците кои победија на ликовниот конкурс
- 04.05 – Одржана е годишната приредба на ООУ “Гоце Делчев” по повод патрониот празник
- 05.05 - Посета на с. Смилево заедно со општинска делегација по повод одбележувањето на 120 годишнината од одржувањето на Смилевскиот Конгрес, Редовни активности во Домот на културата, средување на архивската документација итн.
- 07.05. – Проба на КУД “Илинден”

- 08,09 и 10.05. – Редовни активности во Домот на културата, средување на архивската документација, проби на Драмското студио по повод гостувањето во Крушево со претставата "Одам на лов"
- 11.05. – Гостување на Драмското студио при Дом на културата "Илинден" Демир Хисар со претставата "Одам на лов" во Дом на културата "Наум Наумовски Борче" во Крушево
- 12.05. – Кино проекција на филмот "Најсреќниот човек на светот", учество на Републичкиот натпревар "Млади библиотекари" кој се одржа во Кочани на кој учествуваше победникот од општинскиот натпревар, ученикот Благојче Грујоски од ООУ "Даме Груев" од Смилево
- 13.05. – Проба на КУД "Илинден"
- 15,16 и 17.05. – Подготовки за следните настани: Концерт на НУ "Танец" ВО Демир Хисар и Манифестацијата за свечено доделување на признанијата и наградите од литературниот конкурс распишан по повод Светскиот ден на книгата, тековни активности, средување на архивскиот материјал
- 18.05. – Одржан е целовечерен концерт на НУ "Танец" во Дом на културата "Илинден" Демир Хисар
- 19.05. – Завршен е процесот на попис и опис на архивскиот материјал за периодот 1968 – 2003 година
- 20.05. – Одржана е Манифестација на која се доделени признанија и прочитани наградените творби од Литературниот конкурс распишан по повод Светскиот ден на книгата
- 21.05. – Проба на КУД "Илинден"
- 22.05. – Договорени се термините за одржување на настаните: "Збогум Градинке" – годишна приредба на Детската градинка од Демир Хисар, Изложба по повод Одбележувањето на неделата на архивите во соработка со Државен архив на Р.С. Македонија и гостувањето на детскиот музички фестивал "Тра Ла Ла"
- 23.05. – Редовни активности во Домот на културата, подготовка на рекламен материјал за претстојните настани итн
- 25 и 26.05. – Проби на Драмското студио и КУД "Илинден", тековно работење
- 29 и 30.05 – Договорени се следните настани: Гостување на детската патувачка фолк библиотека "Фолконика" предводена од познатиот македонски естраден уметник Дуле Ѓорѓиевски, Фестивалот на децентрализирана култура "Блендер", кинопроекцијата на филмот "Некрстени денови", гостување на Драмското студио со претставата "Одам на лов" во Центарот за култура "Кочо Рацин" во Кичево
- 31.05. – Одржана е Годишната приредба на децата од Детската градинка "2-ри септември" од Демир Хисар, присуство на Годишниот јубилеен 20-ти концерт на КУД "Бисер" во Кичево

## ЈУНИ

- 01 и 02.06. – Тековни активности во Домот на културата, подготовки за престојните настани
- 03.06. – Проба на КУД "Илинден"
- 05.06 – Отворање на изложбата "Македонија памети. Никогаш да не се заборави" по повод одбележувањето на Меѓународната недела на архивите во соработка со Државен архив на Р.С.Македонија. На отворањето на изложбата присуствуваа преставници на Државниот архив на Р.С. Македонија од Скопје и од одделението на архивот од Битола, Градоначалникот на Општина Демир Хисар, ученици од општинските училишта, граѓани. Тековни активности во Домот на културата, подготовки за престојните настани
- 06.06. – Во Домот на културата гостуваше детскиот музички фестивал "Тра Ла Ла" од Битола
- 07.06. – Гостување на детската патувачка фолк библиотека "Фолконика" и познатиот македонски естраден фолк уметник Дуле Ѓорѓиевски
- 08.06. – Посета на пациентите од Психијатриската болница во Демир Хисар на изложбата посветена на 150 години од раѓањето на Гоце Делчев, Набавени се нови книги за НБ "Петре М. Андреевски"
- 09 и 10.06. – Подготовки за одржување на престојниот Фестивал на децентрализирана култура "Блендер"
- 10.06. – Направени се првите контакти со Г-дин Перо Груевски од Сплит за летната турнеја на КУД "Илинден" Демир Хисар во Сплит, Р. Хрватска, Проба на КУД "Илинден"
- 11.06. – Одржан е Фестивалот на децентрализирана култура "Блендер" на кој публиката можеше да присуствува на: Детска театарска претстава "Тајната книга на дедо" во изведба на Театар "Златен елец" од Скопје, работлиница за сценарио на театарска претстава, кино проекција на филмот "Сина позадина", работилница за фотографија со фотограф Ирина Крстевска од Скопје
- 12.06. – Договорени се кино проекциите на филмовите "Пролетна магија" и "Што е тоа жена"
- 13.06. – Печатење на промотивен рекламен материјал за престојните настани
- 13 и 14.06. – Проби на Драмското студио по повод гостувањето со претставата "Одам на лов" во Кичево, тековно работење
- 15.06. – Кино проекција на филмот "Некрстени денови"
- 16.06. – Гостување на Драмското студио при Дом на културата "Илинден" Демир Хисар со претставата "Одам на лов" во Центарот за култура "Кочо Рацин" во Кичево
- 17.06. – Проба на КУД "Илинден"
- 19.06. – Кино проекција на филмот "Што е тоа жена" во соработка со Фондација Елеуса, Одржана е седница на Управниот одбор
- 20 и 21.06. – Договорено е гостување на Драмското студио при Дом на културата "Илинден" со претставата "Одам на лов" на Кавадаречко културно лето, тековни активности во домот

- 22.06. – Кино проекција на детскиот анимиран филм "Пролетна магија"
- 23.06. – Проба на Драмското студио
- 24.06. – Проба на КУД "Илинден"
- 26.06. – Договорено е учество и настап на дел од изворниот оркестар на КУД "Илинден" на 49-то издание на Националниот фестивал на народни инструменти и песни "Пеце Атанасовски" во Долнени
- 27.06. – Проба на Драмското студио по повод гостувањето на Кавадаречко културно лето, тековни активности
- 28.06. – Гостување на Драмското студио при Дом на културата "Илинден" со претставата "Одам на лов" на Кавадаречко културно лето 2023
- 29 и 30.06. – Договорени се: Програмата за втората по ред "Македонско – Хрватска фолклорна вечер", учеството на КУД "Илинден" Демир Хисар на Балканскиот фолклорен фестивал во Охрид, активностите и термините за одржување на предавањата и трибините во рамки на Демирхисарската летна школа, редовни активности во Домот на културата

## ЈУЛИ

- 01.07. – Објавен е Конкурсот за поезија за престојната поетска манифестација "Манастирско поетско ехо"
- 02.07. – Учество на дел од оркестарот при КУД "Илинден" на 49-то издание на Фестивалот на народни инструменти и песни "Пеце Атанасовски" во Долнени
- 04.07 – Објавени се програмите за престојните манифестации Демирхисарско културно лето 2022 и Демирхисарска летна школа 2022
- 03.07. – Договорено е учеството на најмалата група на КУД "Илинден" на Меѓународниот етно камп "Ѓердан од бисери" во Охрид
- 04,05 и 06.07. – Редовни активности во Домот на културата и проби на КУД "Илинден" за престојните настани
- 07.07. – Присуство на Отворањето на Демирхисарска летна школа 2023 во Манастирот Св. Јован Претеча во с.Слепче
- 08.07. – Одржана е втората по ред Македонско – Хрватска фолклорна вечер во Домот на културата "Илинден" во Демир Хисар на која настапија КУД "Илинден" Демир Хисар, КУД "Илинден" Битола и дуото "Тања и Тања" од Далмација, Р. Хрватска, тековно работење во Домот на културата, одржани се предавања во рамките на Демирхисарската летна школа 2023
- 09.07. – Настап на КУД "Илинден" Демир Хисар на Балканскиот фолклорен фестивал во Охрид, во Домот на културата одржани се предавања во рамките на Демирхисарската летна школа 2023
- 10.07. – Набавени се нови книги за НБ "Петре М. Андреевски" преку проект од Министерството за култура, во Домот на културата одржани се предавања во рамките на Демирхисарската летна школа 2023
- 11.07. – Редовни активности во Домот на културата, проба на КУД "Илинден", одржани се предавања во рамките на Демирхисарската летна школа 2023,

свечено се доделени признанијата за учество на овогодинешната Демирхисарска летна школа 2023

- 12.07. – Учество со втора група при КУД “Илинден” на Манифестацијата “Петровденско чествување на свеќанските револуционери” во рамки на затворање на Демирхисарската летна школа 2023 во с.Света
- 13.07. – Кинопроекција на филмот “Макс и бесната дружина”
- 14.07. – Редовни активности во Домот на културата
- 17,18,19,20 и 21.07. – Редовни активности во Домот на културата, проби на КУД “Илинден”, подготовки за престојната турнеја во Р. Хрватска и престојните локални манифестации по повод Илинден
- 17 – 22.07. – Втора година по ред 30-тина членови на КУД “Илинден” Демир Хисар (трета група) учествуваа на Меѓународниот етно камп “Ѓердан од Бисери” во Охрид
- 24,25,26 и 27.07. – Редовни активности во Домот на културата, проби на КУД “Илинден”, подготовки за престојната турнеја во Р. Хрватска и престојните локални манифестации по повод Илинден
- 28.07. – Настап на КУД “Илинден” Демир Хисар на манифестацијата “Предилинденска комитска квечерина” во Смилево
- 29.07. – Договорен е терминот и учесниците за престојното 8-мо издание на музичката манифестација “Рок хепенинг” кој ќе се одржи на 20 август на Градскиот плоштад во Демир Хисар
- 30.07. – Настап на КУД “Илинден” Демир Хисар на манифестацијата “Предилинденска комитска квечерина” во Журче
- 31.07. – Последни подготовки за престојната летна турнеја на КУД “Илинден” Демир Хисар во Р. Хрватска

## АВГУСТ

- 01.08. – Тековно работење во Домот на културата, Последни подготовки за престојната летна турнеја на КУД “Илинден” Демир Хисар во Р. Хрватска
- 02.08. – Присуство на манифестацијата “Илинден” во Смилево, тргнување на КУД “Илинден” на турнеја во Р. Хрватска
- 03.08. – Одржан е Целовечерен концерт на КУД “Илинден” пред Народниот театар во Сплит, Р. Хрватска, подготовка на збирката од “Манастирско поетско ехо” од 2022 година
- 04.08. – Настап на КУД “Илинден” на Македонската вечер во ресторан Болеро организирана од Здружението на македонците од Сплит, Р. Хрватска
- 05.08. – Настап на КУД “Илинден” на Фестивалот за народни песни и ора во градот Сињ, Сплитско – Далматинска жупанија
- 06.08. – Настап на КУД “Илинден” на фолклорната вечер во рамките на Културното лето во Марина, Сплитско – Далматинска жупанија
- 07.08. – Посета на туристичко историските споменици во Сплит, поаѓање во вечерните часови кон Македонија

- 08,09,10 и 11.08. – Подготовки за престојните манифестации: Рок хепенинг и Манастирско поетско ехо, Тековно работење
- 14,15,16,17,18 и 19.08. – Подготовки за престојната музичка манифестација “Рок хепенинг”
- 20.08. – Одржано е 8-мото издание на музичката манифестација “Рок хепенинг” во Демир Хисар на која учествуваа бендовите: Лајв Вајр од Скопје, Кросроадс блуз бенд од Прилеп, Саундвејвс од Битола, Синхро – ЕКВ трибјут бенд од Ресен и Ревелејшн од Демир Хисар
- 17,18 и 19.08. – Подготовки за престојната поетска манифестација “Манастирско поетско ехо” (изработка на промотивен материјал, благодарници, награди и признанија, поставување на сценографија, покани до учесници и сл.)
- 21.08. – Договорено е одржување на Кино на отворено во соработка со Торос филм студиос од Скопје под наслов “Кар синема – Автокино на отворено” во Демир Хисар на 26 август
- 22,23,24 и 25.08. – Подготовки за одржување на јубилејното 10-то издание на поетската манифестација “Манастирско поетско ехо”, од печат излезе Зборникот со песни од претходното издание на манифестацијата, Редовни активности во Домот на културата
- 26.08. – со почеток во 12 часот во Домот на културата “Илинден” одржано е јубилејното 10-то издание на поетската манифестација “Манастирско поетско ехо”, со почеток во 20 часот на спортскиот терен во новата населба се одржа кино проекција на отворено во соработка со Торос филм студиос од Скопје
- 28.08. – Превземена е изложбата “120 години од Илинденското востание – Архивска меморија” која ќе биде поставена во Домот на културата “Илинден” по повод Денот на општината и е во соработка со Државниот архив на Македонија, тековни активности во Домот на културата
- 29.08. – Договорен е Концерт на класична музика со кој ќе биде затворено овогодинешното Демирхисарско културно лето
- 30 и 31.08. – Тековни активности во Домот на културата, подготовки за престојните настани

## СЕПТЕМВРИ

- 01.09. – Отворена е изложбата “120 години од Илинденското востание – Архивска меморија” во соработка со Државен архив на Македонија. На отворањето на изложбата која беше свечено отворена по повод Денот на општината присуствуваа Градоначалникот на Општина Демир Хисар, претставници на Советот на Општина Демир Хисар, претставници на Државниот архив од Скопје, претставници од Државниот архив – одделение Битола, ученици од општинските училишта, наставници, граѓани.
- 02.09. – Одбележување на празникот “2 септември – празникот на општината” со положување на цвеќе пред спомен обележјата во градот
- 03.09. – Отворање и официјален почеток на 10-та Џип турнеја Демир Хисар 2023 на платото пред Домот на културата

- 04.09. – Договорени се Концерт на Дуото Скупи од Скопје и кинопроекцијата на филмот "Нешто слатко", започнаа работните активности во Спомен собата на Радио Демир Хисар
- 05 и 06.09. – Тековно работење, подготовка за престојниот концерт на класична музика и затворањето на овогодинешното Демирхисарско културно лето
- 07.09. – Во големата сала во Домот на културата "Илинден" се одржа Концерт на класична музика на кој настапија: Јана Блажевска (сопран), Емилија Ристевска (сопран) и Јована Димоска (виолина) под менторство на проф. Александра Ристевска. Со концертот беше затворено овогодинешното Демирхисарско културно лето
- 08.09. - Одбележување на празникот "8 септември – Ден на независноста" со положување на цвеќе пред спомен обележјата во градот
- 10.09. – Проба на КУД "Илинден"
- 11.09. – Излезе од печат книгата "Искрени чувства" од Оливера Трајковска Златановска на која издавач е Домот на културата "Илинден" и за која е закажана промоција на 20 септември
- 12.09. – Договорен е настап на КУД "Илинден" Демир Хисар на Манифестацијата по повод осветувањето на Манастирот "Свето Преображение" во Крушево, тековни активности, проба на КУД "Илинден" Демир Хисар
- 13.09. – Набавени се нови наслови на книги за НБ "Петре М. Андреевски" преку проект од Министерството за култура, редовни активности во Домот на културата
- 14.09. – Договорено е гостувањето на Штипскиот театар во Демир Хисар со претставата "ЈЗУ Европа" за 27 септември
- 15.09. – Тековни активности, проба на КУД "Илинден"
- 18.09. – Во фоајето на Домот на културата "Илинден" се одржа концерт на Дуо Скупи од Скопје на кој пред присутните беше претставен нивниот последен албум "New Mak Sound"
- 19.09. – Тековни активности, подготовка за утрешната промоција на книга
- 20.09. – Одржана е промоцијата на книгата "Искрени чувства" на Оливера Трајковска Златановска
- 21.09. – Тековни активности
- 22.09. – Кино проекција на филмот "Нешто слатко"
- 23.09. – Проба на КУД "Илинден"
- 24.09. – Настап на КУД "Илинден" на Манифестацијата по повод осветувањето на Манастирот "Свето Преображение" во Крушево
- 25.09. – Договорена е театарската претстава – мјузикл "Трите прасиња" во изведба на актерите од Балада арт продукција од Прилеп за на 3 октомври
- 26.09. – Тековни активности, подготовки за одржувањето на престојната театарска претстава
- 27.09. – Одржана е театарската претстава "ЈЗУ Европа" во изведба на Штипскиот театар. На претставата присуствуваа 240 посетители.

- 28.09. – Редовни активности во Домот на културата, Доуредување на просторот пред и внатре во Библиотеката во пресрет на одбележувањето на Месецот на книгата
- 29.09. – Крводарителска акција во фоајето на Домот на културата во организација на ООЦК Демир Хисар
- 30.09. – Проба на КУД "Илинден"

## ОКТОМВРИ

- 02.10. – Договорен е мултимедијален настан (изложба, саем на книга и кинопроекција) насловен како "Предизвикување на невозможното" во соработка со Шри Чинмој центар од Скопје
- 03.10. – Одржана е детската претстава / мјузикл "Трите прасиња" во изведба на актерите од Балада арт студио од Прилеп, Распишан е Конкурсот за Годишната програма на Министерството за култура за 2024 година
- 04.10. – Договорено е одржувањето на Добротворен фолклорен концерт за Манастирот Св. Атанасиј во Сопотница за 8 октомври
- 05.10. – Тековни активности
- 06.10. – Одржан е мултимедијален настан (изложба, саем на книга и кинопроекција) насловен како "Предизвикување на невозможното" во соработка со Шри Чинмој центар од Скопје
- 07.10. – Проба на КУД "Илинден"
- 08.10. – Одржан е Добротворниот фолклорен концерт за Манастирот Св. Атанасиј во Сопотница на кој настапија младите таленти од КУД "Илинден" Демир Хисар и КУД "Илинден" Битола
- 09.10. – Договорен е настапот на КУД "Илинден" Демир Хисар на Саемот на земјоделски производи во Вирово на 15 октомври
- 10.10. – Тековни активности
- 11.10. – Одбележување на празникот "11 октомври" со положување на цвеќе пред спомен обележјата во градот
- 12.10. – Договорени се датумите за одбележување на 30 годишниот јубилеј на КУД "Илинден" Демир Хисар (промоција на монографија и годишен концерт) за на 27 и 28 октомври
- 13.10. – Кино проекција на филмот "Те дуа жими мене"
- 14.10. – Проба на КУД "Илинден"
- 15.10. – Настап на КУД "Илинден" на Саемот на земјоделски производи во Вирово
- 16.10. – Распишан е Конкурсот за краток расказ по повод Месецот на книгата
- 17.10. – Почеток на одбележувањето на Месецот на книгата со превземање на донацијата на книги од страна на Раде Силјан и Матица Македонска кои по повод месецот на книгата ќе им бидат поделени на сите ученици од општинските училишта
- 18.10. – Посета на општинските училишта и предавање на донацијата на книги за сите училишта од писателот Раде Силјан

- 19 и 20.10. – Тековни активности, Проба на КУД “Илинден”
- 21.10. – Отворена е Изложбата на Цијанотипи од млади демирхисарски уметници: Анастасија Ѓорѓиовска, Викторија Настевска, Јована Илиовска и Христина Ангелевска, во соработка со НВО “Небо” од Суводол
- 23.10. – Одбележан е празникот “23 октомври – Ден на македонската револуционерна борба” со положување на цвеќе пред спомен обележјата во с.Смилево
- 24.10. – Пуштени се во продажба билетите за Годишниот концерт на КУД “Илинден”, одржана е проба на КУД “Илинден”, се прават подготовки за годишниот концерт
- 25.10. – Поради пребрзо распродавање на билетите за Годишниот концерт на КУД “Илинден” закажан е уште еден концерт за на 29 октомври, излезе од печат Монографијата “30 години КУД Илинден Демир Хисар” од Златко Бошевски
- 26.10. – Посета на учениците од трето одделение од ООУ “Гоце Делчев” на НБ “Петре М. Андреевски” по повод месецот на книгата, проба на КУД “Илинден”, тековни активности, поставување на сценографија на големата бина и подготовки за концертите, поставување на сценографија и подготовки за утрешната промоција на монографијата за КУД “Илинден”
- 27.10. – Промоција на монографијата “30 години КУД Илинден Демир Хисар” од Златко Бошевски
- 28.10. – Одржан е Годишниот концерт на КУД “Илинден” Демир Хисар
- 29.10. – Одржан е втор Годишен концерт на КУД “Илинден” Демир Хисар
- 30 и 31.10. – Редовни активности во Домот на културата, Прибирање на информации и документи за годишниот конкурс на Министерството за култура

## НОЕМВРИ

- 01.11. – Договорено е прикажување на /кинопроекција/ на најдобрите македонски кратки и документарни филмови од 18-тиот филмски фестивал Астерфест
- 02 и 03.11. – Редовни активности во домот, пишување на проектите од годишниот конкурс на Министерството за култура, издавање согласности и изјави за користење на простор за дадениот конкурс и сл.
- 04.11. – Проба на КУД “Илинден”
- 06.11. – Заврши Конкурсот на Министерството за култура за нивната годишна програма. Домот на културата аплицираше со вкупно 10 проекти и издаде 12 согласности за користење на простор во Домот на културата на други соработници
- 07.11. – Учество на Годишно собрание на Библиотекарското здружение на Македонија во НУБ “Св. Климент Охридски” во Скопје
- 08 и 09.11. – Тековни активности
- 10.11. – Кино проекција на најдобрите македонски кратки и документарни филмови од 18-тото издание на филмскиот фестивал Астерфест

- 11.11. – Проба на КУД “Илинден”
- 13.11. – Превземање на изложбата на ликовни дела од академик Владимир Георгиевски од Дом на културата Македонски брод и поставување во фоајето на Домот на културата “Илинден” во Демир Хисар
- 14.11. – Отворање на изложбата на ликовни дела на академик Владимир Георгиевски која ја отворија Јасминка Намичева – кустос советник архитект на Музеј на Град Скопје и Фросина Георгиевска – ќерка на Владимир Георгиевски. На отворањето присуствуваа ученици од општинските училишта
- 15.11. – Редовни активности во Домот на културата, подготовки за следните настани
- 16.11. – Гостување на членовите на Л.К Изгрев на Манифестацијата “Нашата волшебна книга” по повод месецот на книгата во ООУ “Кирил и Методиј” Бучин
- 17.11. – Посета на првоодленците во општинските училишта и доделување на ваучери за бесплатно едногодишно членство во градската библиотека
- 18.11. – Одржана е Манифестацијата за одбележување на Месецот на книгата со доделување на наградите и признанијата на добитниците од конкурсот за краток расказ
- 19.11. – Проба на КУД “Илинден”
- 20 и 21.11. – Редовни активности во Домот на културата, подготовки за одбележувањето на 30 годишниот јубилеј на ЛК Изгрев
- 22.11. – Одбележување на 30 годишниот јубилеј на ЛК Изгрев со поетско читање и изложба на дела од членовите на литературниот клуб
- 23.11. – Одржана е ликовна работилница со ученици од ликовната секција од ООУ “Гоце Делчев” и ученици од ликовно – творечките активности од СОУ “Крсте П. Мисирков” Демир Хисар под менторство на професорката по ликовна уметност Дијана Колонџоска
- 24.11. – Редовни активности во Домот на културата, проба на КУД “Илинден”
- 27,28,29 и 30.11 – Редовни активности во Домот на културата

## ДЕКЕМВРИ

- 01.12. – Редовни активности во Домот на културата
- 04,05 и 06.12. – Редовни активности во Домот на културата
- 07.12. – Редовни активности во Домот на културата, проби на КУД “Илинден” за престојното учество на регионалните фолклорни смотри на СОФАМ во Струга
- 10.12. – Учество на КУД “Илинден” на Регионалните фолклорни смотри на СОФАМ во Струга
- 11.12. – Договорена е детската новогодишна претстава “Замрзната бајка” во изведба на Едукативен центар “Едусфера” од Битола
- 12,13 и 14.12. – Редовни активности во Домот на културата
- 15.12. – Во фоајето на Домот на културата се одржа презентација – Отчет на Градоначалникот на Општина Демир Хисар Никола Најдовски

- 16.12. – Присуство на Годишниот концерт на КУД "Илинден" Битола
- 18 и 19.12. – Тековни активности
- 20.12. – Промоција на книгата "Дијабетесот, депресивноста и важноста на психолошката поддршка" од Биљана Солунчевска на која издавач е Домот на културата
- 21.12. – Кино проекција на детскиот анимиран филм "Звуците на новата година"
- 22.12. – Присуство на Годишната приредба по повод патронот празник на ООУ "Даме Груев" во Смилево
- 25.12. – На работна посета во Домот на културата "Илинден" Демир Хисар беше Министерката за култура на Р.С. Македонија Г-ѓа Бисера Костадиновска Стојчевска
- 26.12. – Редовни активности во Домот на културата, Работа на пописната комисија
- 27.12. – Кафе дружба и доделување на награди и признанија за Најдобрите и најредовни читатели во НБ "Петре М. Андреевски" за 2023 година
- 28.12. – Заедничка организација со Општина Демир Хисар на новогодишната претстава "Замрзната бајка" во изведба на актерската група при Едукативниот центар "Едусфера" од Битола на Градскиот плоштад во Демир Хисар
- 29.12. – Редовни активности во Домот на културата

ОУ Дом на културата "Илинден" Демир Хисар

Директор

------------------------

/ Славче Вељановски /